

# Симон Узуновски (1949 - 2018)

Живот / Уметност
10.12.2018
13:06

**Соња Абаџиева**



Многу е тажно кога некој многу мил и особено креативен уметник тивко ќе ни рече збогум

Симон Узуновски е еден од пионерите на интерактивните инсталации кај нас. Почнува да експериментира со обични и кревки / нежни материјали: дрво, селотејп, вода, стакло, весници... Влегувањето во игра на тривијални средства за работа не е само од формална природа, туку преку трансформациите на густината, тежината, бојата, структурата, видот итн., тие вршат екстензија на психолошки и сетилен план.

Токму кога зема замав ʻЕстетичката лабораторијаʼ на Филозофскиот факултет (ФФ) во Скопје, се случуваат уметнички настани од поинаков карактер од дотогаш практикуваниот. Во Аулата на ФФ Узуновски го создава делото "Галичица" (1976) оформено од весници, жица и селотејп и поставено во висечка позиција. Публиката е поканета да партиципира во креирањето на примарниот концепт на оваа инсталација, која тогаш терминолошки е детерминирана и како амбиентална пластика. Авторот инсистира да укаже на фактот дека каквоста и квалитетот на ликовната граѓа не се гола егзибиција и желба за сензационални постапки, туку дека се во функција на нов концепт кој укажува на поинакво перципирање и естетско трансформирање на секојдневните погледи на околината (полиња, езера, планина, грмушки).

Транслацијата на природата во ликовни претстави со природни средства (Птица, Бавча, Грмушка, Пиргон, Чинар, Преспа, сите од 1976.) на чудесен начин ги спојува енергиите на она од генезата (вода, дрво) со цивилизациското (стакло, селотејп, весници).


Став
Есеј за вмрото и копрофагијата


Графички ДизајнСтавУметн
Втората Југославија ја уништија најлошите


Книжевност
Пристигнати ракописи за наградата „Новите!“ 2018


Европа
Прочитајте го 41-то барање на „Жолтите елеци“: нема плата под 1 300 евра, гасот и струјата мора да бидат јавно добро


Став
Армадила – измислениот збор на Мицкоски, кој не значи ништо


Став
Европската Унија има што да научи од Југославија


Книжевност
Како Владимир Набоков ги бележел и ги испитувал теориите на сонништата


Општество
Контраспин: Мицкоски, ВМРО-ДПМНЕ и „Крвавиот четврток“

Сите статии

Пара ВЕСТИ

- Ретроградниот Меркур апелира до луѓето да не се вадат на него
- Амандман XXXVI на Уставот на Република Македонија
- Бубалица поништил шестка на лото

Пара ФОТО




Око

25 години од смртта на Кон...



СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА

Дениса Команеску

**Стихови за сместување на посебно место во песната „Симнување од автомобил“**

тој има 13 мачки и не му го кажувам името

10.12.2018






Транспарентноста на средствата и непретенциозноста на идеите во сите негови дела од таа фаза, во која секако треба да се спомнат и неговите познати "Тркалајки" (1976) - дела во процес – изработени од селотејп, коишто зависно од желбата за постојано движење, постојано се зголемуваат - растат, со тенденција на своевидни no ending works. Без разлика на транспарентната и фрагилна структура на селотејпот, неговото постојано виткање преку тркалање создава стојности на волумен и маса (цврсти скулпторски доблести) и така се оформува една нова креација која покрај споменатите класични атрибути има сосема нова визуелна структура која ја спречува овие творби да ги толкуваме како традиционални. Пластичните кеси полни со вода од Преспанското Езеро и фиксирани на панелска плоча во објект-инсталацијата "Преспа" и гуменото црево вдлабено во дрвена подлога на делото "Пиргон" се минималистички пејзажи обмислени на софистициран начин.

Едноставноста на идејата и спонтаната изведба им овозможуваат и денес да ја носат аурата на актуелноста. Од овој период датираат и неговите "Списоци" (1975), обични анотации кои, речиси, секој од нас ги пишува на мали ливчиња, пред да ги направи секојдневните набавки. Издигнувањето на списочињата, од најтривијални дневни дребулии, на ниво на ликовни концепти, е во природата на транслацијата на редимејдите во ликовни дела. Во случајов Узуновски е повеќе на страната на хоризонтализацијата на претставата особена за сликата, отколку на ниво на третата димензија.

Ќе ни недостасуваат многу креативните луцидни дела на овој мајстор на другоста.

ликовна уметност / Симон Узуновски / македонски уметници / почина / Соња Абаџиева

Tweet G+ Like 0

## Слични содржини

**Живот / Култура / Уметност**
Мирослав Стојановиќ – Шуки (1963 -2018)

**Уметност**
Владимир Лукаш: Цртежи кои никогаш не би ги изложил

**Живот**
Почина писателката Вера Чејковска

**Активизам / Уметност**
Изложба „Донирај уметност“ во КИЦ

**Уметност**
„Да ти се погоди да живееш во интересни времиња“ е насловот на Венецискиот биенале 2019

**Живот**
Македонските уметници донираат 70 дела за Атина по пожарот

**Живот**
Пејачот Влатко Илиевски пронајден мртов

**Книжевност / Живот**
Почина писателката Даша Дрндиќ

**Бранко Тричковски**
Фејсбукот е дрво за бесење на Македонците

Враќање на отпишаните: Аудиокасетите поскапи од плочите

**Теофил Блажевски**
Контраспин: Загадувањето е дело на „здружени напори“ на ВМРО-ДПМНЕ и ...

**Тена Ерцег**
Во пустината на неолиберализмот

[1] ОКО ПОВЕЌЕ
[2] БОЛИ ГЛАВА ПОВЕЌЕ
[3] ВИЦ ПОВЕЌЕ
[4] ФОТО ПОВЕЌЕ

Колку е значајно едно дрво




## Е-библиотека



**ФАШИЗАМ ВО КУСИ ПАНТАЛОНИ**

Груевизмот е чист фашизам: една авторитарна, преродбеничка, клептократска, капиталистичка партиска држава, што за среќа остана во куси панталони.

Преземи

## Анкета

**Дали Владата презема доволно мерки да се намали загадувањето на воздухот?:**

- Да
- Не
- Не знам

Гласај

## Книга



**Некој бил тука**

Во средиштето на приказната е татко кој се соочува со загубата на својата ќерка. Дали може да помогне бегството во нечиј туѓ стан? Мирисањето женски долен веш? Триењето на образите од рапав зид? Турпијата во кожа?

## Најчитано 7 / 11

1. Контраспин: Мицкоски, ВМРО-










## Вести (time.mk)

- Завршија јавните дебати за уставните амандмани
- Специјализантите револтирани, Филипче не го одржи ветувањето, сè уште немаат плати
- Внук си ја убил бабата во Драчево
- ЕУ нема да преговара за нов договор за брегзит, кажа Претседателот на Европскиот совет Доналд Туск откако Тереза Меј го одложи утрешното гласање
- Затворениците штрајкуваат со глад, Заев вели дека општа амнестија нема да има
- Ердоган: „Слепи сте, глуви и неми за она што се случува во Париз“

## radio.spodeli.org

**Канал 103** ПИЧ ПРИЧ: Румена Бужаровска + Ана Василева ~ Vermilion Deviate - Kriza

## Боли глава